Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), во врска со член 11 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14), а согласно Заклучокот на Агенцијата бр.02-2846/3 од 21.05.2014 година, со кој е усвоена Информацијата во врска со набавка на батерија за влезната врата, разгледана на 31-та седница одржана на 21.05.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобруваат финансиски средства, во вкупен износ од 1.316,88 денари, со пресметан данок на додадена вредност, заради набавка на стока: батерија ВАТ 7 акумулатор 12V 7 Ah на влезната врата, согласно понудата, наш бр.02-2789/1 од 14.05.2014 година (бр.2014-3868 од 14.05.2014 година), со што ќе се овозможи функционално движење на влезната врата, а со тоа и непречен пристап во службените простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Средствата од точка 1 од оваа Одлука се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ за 2014-та година.

3. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Влезната врата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше нефункционална, поради истекот на рокот на постоечката батерија, со што беше оневозможен непречен пристап во службените простории на Агенцијата.

Поради потребата од нова батерија и нејзина монтажа која би овозможила непречено функционирање на влезната врата, а со тоа и пристап во службените простории на Агенцијата, на 31-та седница одржана на 21.05.2014 година, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, беше разгледана Информација во врска со доставената понуда, бр.2014-3868 од 14.05.2014 година (архивски број) од Друштвото за производство, трговија и превоз „ПЕРПЕТУУМ МОБИЛЕ СЕКЈУРИТИ" увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, наш бр.02-2789/1 од 14.05.2014 година.

Следствено на тоа, Агенцијата ја усвои доставената информација и одлучи да се одобрат средства во висина од 1.316,88 денари, со пресметан данок на додадена вредност, заради набавка на стока: промена на батерија ВАТ 7 акумулатор 12V 7 Ah на влезната врата, и реализирање на услуга: нејзина монтажа, согласно понудата, наш бр.02-2789/1 од 14.05.2014 година.

Согласно погоре наведеното, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), Понудата, бр.2014-3868 од 14.05.2014 година (архивски број) од Друштвото за производство, трговија и превоз „ПЕРПЕТУУМ МОБИЛЕ СЕКЈУРИТИ" увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, наш бр.02-2789/1 од 14.05.2014 година, а во согласност со член 11 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14) и Заклучокот на Советот бр.02-2846/3 од 21.05.2014 година, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-2867/1

21.05 **2014 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.